# ПРОМОЦИЈА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

2

## ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ЖЕНИТЕ ОД ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Полошкиот регион има најмал економско-социјален индекс за развој. Околу 70% од населението во Полошкиот регион живее во рурални средини, а најголем дел од домаќинствата, 73,7%, живеат од земјоделство. Овој регион има најголем процент на население - приматели на социјална помош (37% од населението во 2011 година).

### Положбата на жените во руралните средини

Во просек, во помалку од 6% од семејствата во земјата, жените се сопственици на земјоделско земјиште или куќа. Три од четири жени во руралните области се невработени. Највисоките стапки на невработеност се појавуваат кај младите жени од руралните области (59% кај жените меѓу 20 и 24 години, и 43% на групите на возраст меѓу 25 и 29 години)

20% од економски неактивните жени работат во земјоделието, но не се платени за тоа. Жените кои се занимаваат со земјоделство, може да ги користат мајчинските додатоци само доколку се регистрирани и кои активно се занимаваат со земјоделска дејност и се социјално осигурани.

### Поеднакви, во споредба со минатото

Како порано не е, секако, но секако дека би требало да има подобрување и сега.“

Во последно време се менуваат нештата, како што кажаа, има многу млади што може да го започнеме тоа да бидеме барем делумно еднакви со мажите...“

И во Тетово е исто - има некои што се потрадиционални, одиш со маж во ресторан не можеш да нарачаш „За жена ми тоа и тоа, на пр.“ (смеење) З’ш не ти личи на конобарот да му кажеш јас сакам ова и ова? Што има он во мое име да ми нарачува?“

### Родовата еднаквост на половина пат?

Оценка за еднаквоста на мажите и жените во окружувањето



# ОБРЕМЕНЕТО СЕКОЈДНЕВИЕ - ОГРАНИЧЕНИ МОЖНОСТИ

## Жените се мајки...

Кој најчесто се грижи за децата во вашето семејство?




## И домаќинки...

Кој најчесто се грижи за секојдневните домашни работи?




## И суперхеројки!

„Добро, постои уште размислување дека жената треба да биде дома, да го чува домот, да биде мајка домаќинка.“

„И да донесе пари дома (се смешка).“

„Сè правиме ние сега, кој работи – работи и дома, и чисти, и за децата се грижи.“

„Да, ама може и сè да се направи.“

„Да може и супермен да бидеш (се смешка).“

„Superwomen сега (смеење).“

# ШТО ОБЕЗБЕДУВААТ ОПШТИНСКИТЕ ВЛАСТИ?

## Основни комунални услуги

Комуналните услуги (вода, струја, канализација, осветлување) не се лесно достапни за 57,6 % од жителите на Боговиње, 50 % од Брвеница, 43,8 % од Теарце, 33,3 % од Желино и 11 % од Врапчиште.

**Дали имате можност да користите јавен превоз во вашата општина?**




## Социјални услуги, особено за згрижување деца

**Дали имате можности да ги користите следните услуги во вашата општина: Градинка?**




„Оттука почнува проблемот за жените од руралните средини, немаат градинки, немаат превоз од многу села, што значи ако тие немаат сопствено возило проблем е тие да патуваат на работно место.“

„Нема јавен превоз, само до Вруток, до Чегране е приватно. А нашите села околу Гостивар се многу големи.“

„Јас ако одам на факултет треба да одам со комбе и нема редовен превоз, нема возен ред или нешто.“

„Треба 15км секој ден да го возам, 15 во еден правец, 15 во друг, за да го однесам во градинка за да одам на работа. Од таа причина моето дете расте со баба, со татко, со дедо, со кој ќе стигне, цел ден е организација со детето кој ќе го чува, за да можам јас да одам на работа.“

„Да, да, зошто да го чека мажот да оди на пазар или в град.“

„Во Желино нема ништо, ни градинка, ни за посебни потреби, ни за старите лица, само основно школо, а толку голема општина е...“

„Покрај тоа треба да се отворат и други работни места, градинки да се отворат за тие деца некој да ги чува. Еве во Гостивар каде што работам во Здравствен дом осеќам и гледам дека мајките се жалат дека нема своите деца каде да ги носат, во градинките бројот е ограничен (да, да, во позадина се согласуваат неколку учеснички), чекаат долго време. Ете еден проблем излегува оттука. Да се подобрат условите. Има некои и приватни, ама ние немаме капитал и буџет. Кај може една мајка невработена, таа нема никаков личен доход, ја одржува мажот или и тој не работи.“

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Пристапот до основните инфраструктурни услови и социјални услуги во целиот регион е ограничен за голем број граѓани, особено за жените од руралните населени места. Голем дел од жените имаат ограничен пристап до јавен превоз, установи за грижа за деца, стари лица, лица со посебни потреби;
- Општините немаат доволно капацитети за да овозможат услови и пристап за сите граѓани до основната инфраструктура и социјални услуги. Во политиките на општините отсуствува препознавање на родовата перспектива при креирањето на политиките и приоритетите поврзани со инфраструктурата и социјалните услуги;
- Ограничениот пристап до социјалните услуги дополнително се одразуваат на жените и ги ставаат во понеповолна позиција од мажите бидејќи, како што потврдуваат податоците, тие најчесто ги преземаат обврските да се грижат за домот, децата, старите лица и лицата со посебни потреби во семејствата. Ограничениот пристап до социјалните услуги директно се одразува и на социјалните и на економските аспекти на животот на жените. Жените кои немаат пристап до социјални услуги се соочуваат со дополнителни проблеми при барање на работа, едукација или доедукација, вклучување во јавниот живот и воопшто во социјалниот живот во заедницата;
- Податоците за оценување на состојбата со родовата еднаквост и слабите напори за справување со родовите стереотипи кажуваат дека постои непрепознавање на родовата нееднаквост како значајно општествено прашање.

## ПРЕПОРАКИ

- Едукација и зајакнување на капацитетите на општинската администрација за вклучување на родовата перспектива во процесите на креирање на политиките и планирање на буџетот во општината;
- Програми за едукација и подигање на свеста за препознавање на родовата нееднаквост во општествениот живот и ефектите од нееднаквоста врз севкупниот економски и социјален развој во регионот;
- Иницијативи на невладините организации за застапување на специфичните потреби на жените во остварување на правото за социјални услуги и пристапот до основната инфраструктура;
- Приоретизирање на проекти за обезбедување на основни услуги за населението од руралните средини и маргинализирани групи;
- Воведување специјални мерки кои би овозможиле полесен пристап до основните социјални услуги за жените од руралните средини и маргинализирани групи;
- Вмрежување и соработка на граѓанскиот сектор и локалните институции на програми за промоција на родовата еднаквост, како на пр. за татковството и еднаквата распределба на домашните обврски.

**Проект: Меѓугранична еднаквост и родова интеграција**

Проектот е финансиран од Европска Унија

Проектот е спроведуван од:
Акција Здруженска Скопје и
Институт за развој на заедницата Тетово

Овој документ е продуциран со финансиска поддршка од Европската Унија.
За содржината на овој документ целосно е одговорна Акција Здруженска и во никој случај не ги рефлектира позициите на Европската Унија.